# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од Седмото продолжение на Дванаесетата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 ноември 2006 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,13 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа.

Пратениците: Јован Манасијевски, Јани Макрадули, Цветанка Иванова, Радмила Шеќеринска, Игор Ивановски, Весна Бендевски, Влатко Серафимов, Никола Ќуркчиев, Даут Реџепи,Мендух Тачи, Арбен Џафери, Ристо Пенов, Кенан Хасипи, Хади Незири, Абдулади Вејсели, Фиат Цаноски, Данаил Дончев и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со точката **10-Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Во меѓувреме Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 11 став 3 и за менување на член 16 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Истовремено, Владата на Република Македонија го повлече амандманот за менување на член 16 под архивски број 07-3998/4 од 9 ноември 2006 година.

Молам, кој бара збор?

Збор побара Грковска Славица. Повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Во овој момент пред нас го добивме Записникот или мислењето на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, во кои што Комисијата оценува дека поднесените амандмани на Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, поднесени од група пратеници, не треба да се разгледуваат, заради тоа што со нив не се врши усогласување на одреден на еден или повеќе амандмани.

Имајќи го предвид фактот што денес се случи истото она што ссе случува на речиси сите досега предложени закони од страна на Владата, а тоа е да се поднесуваат амандмани од страна на Владата, кои што го менуваат текстот на Законот и кои што стануваат составен дел од Законот и имајќи го во предвид фактот дека тоа што се случува од страна на Владата, станува пракса и практички во оној момент кога ќе се поднесат, не ставаат во позиција да немаме можност да поднесеме амандмани одкако веќе е помината комисиската расправа, одкако веќе е поминат рокот за амандманите, имајќи го предвид фактот што ваквото однесување на парламентарното мнозинство го оневозможува амандманското реагирање од страна на опозицијата, сега сме доведени во ситуација кога после изминување на сите рокови, Владата повторно поднесува амандмани, со кои што изменува дел од законите. Бидејќи, еден амандман на Владата се однесува на оној дел во кој што амандмански реагираше дел од пратеничката група на СДСМ, а со оглед на тоа што сметаме дека имаме право амандмански да реагираме на овие амандмани кои што се предложени од страна на Владата, барам пауза од име на пратеничката група на СДСМ во рок од половина час, за да имаме време да ги разгледаме амандманите пристигнати од Владата и да можеме да заземе став по нив. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлагам пауза од половина час.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,00 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

За збор се јави Грковска Славица. Повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Мене ми е навистина многу непријатно што сме принудени во речиси секое од нашите излагања и после речиси секое барање на пауза да интервенираме за истите работи за кои што сме зборувале неколку седници наназад. Меѓутоа, за жал, очигледно праксата продолжува и апелите што ги праќаме, воопшто не наидуваат на никаков слух од страна на парламентарното мнозинство и на Владата.

Само да потсетам дека заради ваквата ситуација, заради ваквото работење на Собранието, за прв пат како држава се доведовме во ситуација во извештајот на Европската комисија да биде наведено дека нема доволно дијалог помеѓу парламентарното мнозинство и опозицијата и дека тоа е нешто што треба да се исправи. За жал, ако продолжиме во истиот манир како и денес, тоа што прв пат се појави во Извештајот на Европската комисија за работата на Собранието, ќе продолжи да се појавува и во понатамошните извештаи и тоа се повеќе не оддалечува од почетокот на преговорите со Европската Унија за наше зачленување.

Сакам во името на пратеничката група на СДСМ остро да протестирам за начинот на кој што се одзема деловнички одредениот механизам, пратениците да реагираат на дополнително поднесените амандмани од страна на Владата, да протестирам остро заради механизмот кој што им е на располагање на пратениците да реагираат на итни интервенции со ои што се менуваат законите кои што веќе ни се доставени во Собранието. За

жал, тоа не се случува прв пат. За жал, тоа стана пракса во работењето на овој парламентарен состав. Сакам да апелирам дека не треба да се случи за ниту еден друг закон, сакам да апелирам до Комисијата за деловнички прашања да го преиспита својот став и да ја обезбеди и да ја овозможи деловнички пропишаната можност на пратениците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Оградувајќи се од политичките наслаги на вашиот говор, бидејќи не е мое да ги коментирам политичките наслаги, во процедуралниот дел односно во онаа мера во која вашиот говор има карактер на процедурална интервенција, должност ми е да дадам објаснување.

Моето објаснување гласи вака. По член 56, алинеја 3 претседателот на Собранието има право да се консултира со Комисијата за деловнички прашања. Јас тоа право го искористив, бидејќи е деловничко право, побарав Комисијата за деловнички прашања да се состане, дадов пауза и имавме среќа што таа пауза се совпадна да трае до крај на денот, добив извештај од Комисијата, кој ви е разделен и во тој извешај ставот е таков каков што е. За мене индикативно беше во прифаќањето на тој извештај, покрај аргументацијата која стои таму и едногласноста на донесената одлука. Значи, Комисијата за деловнички прашања, како и сите други комисии во Парламентот се составени пропорционално, адекватно деловнички и тие се сосема легални, легитимни делови и таму седат истите пратеници  кои седат и на пленарни седници. Единствената разлика е што пленарните седници имаат поголем публицитет односно перманентен публицитет, се пренесуваме на телевизија итн. Тоа е моето објаснување.

Сега, нека повели, на процедурални објаснувања не се реплицира и јас треба истиот одговор да ви го дадам. Ако вие милувате истиот одговор да ви го дадам, повелете. Јас ќе ви реплицирам со давање на истиот одговор. Значи, тука нема повеќе одговори, нема прогрес, едно е.

Повелете.

**Славица Грковска:** Претседателе, меѓу другото вашата функција е и да го заштитите дигнитетот на пратениците. Ние како пратеници се доведуваме во ситуација Владата да предлага дополнително амандмани со кои се менуваат законите што веќе ги предложила и со тоа да ги става пратениците во многу непријатна ситуација, особено пратениците од парламентарното мнозинство да бранат одредени решенија во законот, а потоа одкако ќе поминат комисиските расправа, одкако ќе помине деловничката можност за поднесување на амандмани, да ни се доставуваат амандмани со кои се менуваат текстовите на законот, а парламентарното мнозинство преку Комисијата за деловнички прашања да не ни дозволува она што Деловникот ни го овозможува да го користиме и да поднесуваме амандмани на новите решенија што се доставени.

Нашиот апел е тоа да не сес случува во иднина. Јас разбирам дека некогаш има ситуации во кои што тоа мора да се случи, меѓутоа, ако се доведуваме во ситуација на речиси сите досега предложени закони да се случува истото и да не ни се овозможува амандмански да реагираме заради тоа, станува збор за индикативно однесување и од страна на Владата и од страна на парламентарното мнозинство. Тоа е нешто што веќе не би смеело да се повторува.

Јас навистина уште еднаш сакам да апелирам, ако веќе ги слушаме декларативните изјави за дијалог меѓу парламентарната опозиција и позиција, тогаш би требало да се однесуваме и во духот на таквите барања, а не само да се сведе тоа на декларативни изјави. Вие не можете да ја скратувате можноста на парламентарната опозиција да реагира на ваквиот начин на однесување на Владата.

Сакам да апелирам Владата посериозно да ги рразгледува законските предлози што ги доставува до Собранието и да не не доведува во ситуација со вакви интервентни измени со амандмани во законот и тоа на по еден, два члена со една или две реченици или можеби и повеќе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дел од вашиот говор за во иднина го земам навистина со должно внимание, го земам со најголемо внимание. Но, сметам дека најсигурен пат да се обезбеди за во иднина она што вие го предлагате е тоа деловнички  да се среди. Имено, тоа е една од причините поради која сум голем поборник на промена на Деловникот. Благодарам.

Имаше реплики и има смисла. Јакимовска Светлана бараше реплика, таа е шеф на Комисијата, а потоа побара реплика Силвана Бонева која е координатор.

Повелете, две реплики по три минути по тој ред, со право на контра реплика.

Говорот на Славица Грковска не беше пријавен како процедурален, беше како говор, иако имаше во содржината и процедурални елементи. Кога јас го давав одговорот на Славица Грковска реков дека се оградувам од политичките аспекти, ќе одговарам само процедурално. Тука е Славица Грковска, нека каже дали бараше процедурално. Таа бараше говор.

Реплика има Јакимовска Светлана, повелете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе,

Сакам да искажам едно видување од состанокот на Комисијата до почитуваната колешка Грковска. Таа упати апел до Комисијата, јас би се насочила да упати апел и на членовите на СДСМ кои што се членови на оваа Комисија. Ние и вие побаравте од нас да заседаваме после паузата што ја дадовте на вчерашната седница. Комисијата чекаше 15 минути и на членот од СДСМ во Комисијата и на членот од ЛДП, но не дојдоа да го изнесат ставот по амандманите односно по вашето барање. Комисијата мораше да продолжи,

затоа што имаше кворум и продолжи и ја заврши својата седница и го достави она мислење, како што и вие како претседател на Комисијата побаравме. Значи, апелот е да присуствуваат членовите, а не апел од Комисијата како да работи. Комисијата работеше согласно Деловникот и го донесе она мислење кое што ценеше дека е во согласност со Деловникот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Грковска Славица контра реплика.

**Славица Грковск:** Сега барем е јасно дека на Комисијата присуствувале само пратеници од парламентарното мнозинство. Ако ад хок свикувате седница на Комисијата, ќе дозволите дека може да се случи пратеници оправдано да не можат да присуствуваат на таа седница. Тоа не значи никаков сигнал во смисла на работењето и на функционирањето на Комисијата. Меѓутоа, јас се прашувам како после толку мандати во Собранието по толку време работење по овој Деловник, наеднаш оваа Комисија за деловнички прашања наиде да толкува каков механизам за поднесување на амандмани на веќе дополнително поставени амандмани од страна на Владата или од страна на предлагачи, туку што го менуваат законот, не може да има. Тоа е спорно. Како наеднаш после толку години функционирање со истиот Деловник, истиот член се толкува сосема поинаку по однос на претходно, кога сите пратеници од сите претходни состави го користеле тој механизам како можност за реакција на нови решенија што ад хок се предлагаат. Тоа е спорно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Силвана Бонева реплика три минути.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке Грковска, овде во Собранието на Република Македонија и вие бевте во претходниот состав и јас и многу добро знаеме што значи Деловник и како треба да се почитуваат јасно утврдените процедури во Деловникот. Овој Деловник е во функција од 2002 година, па наваму. Од 2002 година, па наваму воопшто сме немале случај на враќање на одредбите на она што го предлага Владата на почетно решение, да биде дозволено вакво нешто. Значи, промена на амандман на Влада не е дозволен, туку усогласување на законскиот текст, другите одредби во законот кои што треба да бидат усогласени со новата промена која што Владата ја предложила. Тоа е многу јасно кажано во Деловникот во членот 166 став 2 каде што јасно кажува дека по исклучок амандман може да се поднесе во текот на претресот кога со него се врши усогласување на одредбите во текстот што се измениле поради претходно усвојување на еден или повеќе амандмани или она што се доставува од Владата. Многу јасно тоа прашање е апсолвирано и на нашите заеднички координации и токму од тие причини се договоривме во новиот деловник за работа на Собранието јасно и гласно да биде напишано дека е потребно пратениците и одкако ќе пристигне амандманот, Владата не само заради усогласување, туку и едноставно во било кој случај, како и да гласи амандманот, да имаат право да доставуваат амандмани, а не само заради усогласување на законскиот текст. Тоа е добра волја на Владата, на парламентарното мнозинство од причини што не сакаме да ја замолчуваме опозицијата. Многу добро знаете дека подобар дијалог досега и немало во Собранието на Република Македонија. Она што е оценка на Европската комисија е заради тоа што оценката е дадена за една година. Не е за еден месец, откако функционираше ова парламентарно мнозинство, туку за една година. Значи, 11 месеци од функционирањето на вашето парламентарно мнозинство. Сега, ова парламентарно мнозинство со сите резултати кои што ги покажува, јасно кажува дека сме расположени за дијалог, бидејќи ви прифативме суштенствени амандмани и во Законот за полиција, ви прифативме амандмани и за буџетот и еве за овој закон сите забелешки кои што беа суштествени и дадени од страна на опозицијата, веќе се наоѓаат како амандмани на Владата. Тоа значи резултат од еден дијалог, а не разговор на глуви. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Славица Грковска реплика една минута.

**Славица Грковска:** Јас не сум баш многу убедена во тоа што го зборувате госпоѓо Бонева, заради тоа што точно се знае забелешките на Европската комисија за што се однесуваат. Тие се однесуваат точно на тоа што ова парламентарно лнозинство, ова владеачко мнозинство не соработува со опозицијата. Во претходниот мандат вие знаете дека најголеите, најсуштинските закони не се носеа во Собранието без дијалог со опозицијата. Земете го за пример изборниот законик и не би сакала понатаму да навлегувам во тоа. Меѓутоа, да се тврди дека овој Деловник од 2002 година не значи ништо, заради тоа што измените штоо се направени во 2002 година се само во насока на прилагодување и имплементација на Охридскиот рамковен договор. Најголемиот дел, меѓу кои и овој член што вие го цитирате, го имаше и во претходните деловници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Роза Топузова-Каревска има процедурално три минути.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

Сакам да реагирам за грубо кршење на Деловникот. Првиот пат бев пријавена да реагирам процедурално за она што се случува со предложувањето на амандманот од страна на Владата, меѓутоа сега сакам да реагирам во насока на ова што денес во овој момент се случи.

Вие кажувате дека сте и дале збор на Славица Грковска, а таа беше пријавена последна. Не знам од кога почнуваме обратно да даваме збор. Јас сватив дека таа бара процедурално и логично е. Потоа да може да и се реплицира на Славица, кажавте дека нејзиното излагање е говор, а не

процедурално. Имено во членот 85 стои: “на пратеникот кој сака да говори за повреда илио неправилна примена на Деловникот, претседателот му дава збор штом ќе побара”. Во тој случај после говорот на пратеникот, претседателот на Собраниеот дава појаснување. Значи вашето појаснување се однесуваше на процедуралната забелешка на колешката Грковска. Тоа е едно.

Што се однесува до кршењето на процедурата, навистина со жалење можам да констатирам дека залудни се укажувањата на опозицијата до Владата. Не, почитувани колеги, да нема дијалог помеѓу власта и опозицијата, туку имаме сериозни пречки во комуникациониот канал. Нашите зборови доаѓаат до таа пречка, од таму се одбиваат и како ехо ни се враќаат. Владата апсолутно не сака да прифати ама баш ништо од укажувањата на опозицијата дека не е добро за парламентарната демократија да се поднесуваат амандмани на закони кои веќе биле во собраниска процедура. Но, за закони по кои пратениците и од парламентарното мнозинство, а и по некои од опозицијата искажале позитивно мислење и потоа со амандманите суштински да се менува текстот на законот, како што беше случајот со Законот за полиција, потоа случајот со ребалансот на Буџетот и  сега по трет пат и да не се запреме на тоа, дури и по затварањето на дебатата на претресот по законот, повторно добиваме амандмани. Не говорам дали се тие добри или лоши, тоа право ќе го задржам за после, меѓутоа реагирам на постапката. Имено, почитувани колеги укажав дека наша прва задача е да ги следиме законските решенија и под влијание на експерти, стручњаци, консултации и јавното мислење, да можеме да предложиме амандмани со кои во значителна мера ќе се подобри законот и ќе се овозможи негова подобра имплементација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Моето појаснување е следното:

Славица Грковска говореше во име на парламентарната група. Во име на парламентарната група побара пауза. Паузата не подразбира одземање на збор, туку напротив после паузата нормално е пак Славица Грковска да објасни зошто беше паузата во името на парламентарната група, што се надевам знаете сите што значи тоа.

Процедурално за збор се јави господинот Китановски.

Повелете господине Китановски имате три минути.

**Лазар Китановски:** не знам дали има претставници од Владата, еве гледам дека има.

Ќе се обратам до пратениците од ВМРО-ДПМНЕ кои се мнозинска партија, посебно до правниците и потоа таа пратеничка група, посебно правниците кои биле во судските истанци, се разбира како наутрални, а сега пратеници на ВМРО-ДПМНЕ.

Ние пружаме рака за соработка и целата поента е во тоа, да донесеме закони или други акти кои ќе бидат релевантни и за владеачката опција и за опозицијата.

Постојат два вида на амандмани. Амандмани со кои се менува содржината на еден текст на закон и амандмани со кои се дополнува и се усогласува. Мене ме чуди, правници кои ги ценам што се обидуваат да бранат нешто што не се брани. Владата злоупотребува ситуации кога во амандманите кои значат усогласување, заправо се вметнуваат нови содржини. На тоа ние реагираме. Ве молам размислете добро. Тоа не е добро за сите правници во оваа институција. Претседателот, да речеме, не е правник, меѓутоа има свои ингиренции врз основа на Деловникот.

Ако Владата после завршена целосна расправа, внесе нова институција, нов амандман, тогаш се враќа повторно дискусијата, теоретски, по целиот закон, не само по тој амандман. Додека, ако се направи корекција заради пропуст, тоа ќе го илустрирам за другите кои не се правници, тогаш е во ред да се оди со амандмани за усогласување. На пример се изменува составот на некоја комисија, од 3 на 5. Сите амандмани понатаму значат усогласување со усвоениот амандман кој е суштински и оди до крај. Меѓутоа, ако вие сега на пример велите дека некоја комисија ќе работи професионално, а потоа велите не, ќе работи аметерски, тоа ја менува содржината. Тогаш може да има расправа по тој амандман. Или, имаше Закон за полиција и т.н.

Мислам дека Владата, еве тука сте доста правници и мислам дека ќе се согласите, користејќи го ова второто право што е нормално, фактички тоа се технички амандмани, или на пример ако се промени процентот на усогласување со просечен личен доход, ако во некој дел од законот се воспостави нов однос, тогаш сите следни закони по некој автоматизам, меѓутоа сепак мора тоа правно да биде издржано, со амандмани се усогласуваат. Тоа се амандмани за усогласување. Мислам дека Владата го злоупотребува овој вториот начин, за да внесе нови решенија. Ние на тоа реагираме и затоа ве молам да не стане пракса, во крајна линија не е добро за демократијата. Да ги прифатите овие наши желби, сепак тоа се предлози, пред се за соработка, за подобро функционирање на овој парламент.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Сега имаме три процедурални интервенции и тоа од пратениците Спасовски Оливер, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска и Борис Кондарко.

Повелете господине Спасовски имате три минути.

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседателе.

Добро е што почнавме да работиме по тој редослед како што треба да работиме, да не даваме збор на едни кои се јавиле последни, па да се враќаме пак на редот.

Навистина, сакам да го искажам моето несогласување, како еден од предлагачите на

овој амандман. Постојано, неколку пати говориме. Започнавме со работа со преседани и тоа ни стана правило во нашата пракса на работење во овој парламентарен дом. Владата на комисиите ќе предложи еден закон кој суштински е сосема спротивен со она што денес ќе расправаме по текстот на законот. Зошто го прави тоа Владата? Дали на таков начин сака да обезбеди поддршка на опозицијата пред матичните тела и пред ЗПК и да прикажеме дека правиме некаков политички дијалот во Република Македонија, помеѓу партиите и после затварањето на претресот да се поднесуваат амандмани со кои суштински се менува текстот на законот и згора на тоа се ускратува можноста на опозицијата и воопшто на пратениците да поднесуваат амандмани на овој текст на законот, заради тоа што амандманите поднесени од Владата стануваат составен дел на законот. Тоа е нов текст и нов закон на кој имаме право да поднесеме амандмани.

Инаку овој член на кој се повикува и Комисијата за мандатно имунитетни и деловнички прашања, кажува дека по исклучок амандман може да се поднесе во текот на претресот по Предлогот на закон, ако со него се врши усогласување на одредбите во текстот, што се измениле поради претходно усвојување на еден или повеќе амандмани. Кажете ми колку амандмани усвоивме сега? Ниту еден. Добивме амандмани од Владата кои се составен дел на текстот на закаонот. Собранието не усвои ниту еден амандман па да можеме да се повикаме на ставот 2 и да кажеме дека она што ќе го направиме како амандманска расправа овде, ќе биде заради усогласување со текстот на законот. Навистина, на овој начин се врши злоупотреба и на овој член, се врши злоупотреба односно мајоризација од страна на парламентарното мнозинство, на опозицијата и воопшто на институцијата пратеник. Се ускратува можноста да се поднесат амандмани заради тоа што навистина суштински се менуваат одредбите од законот и тоа за нас е неприфатливо. На ваков начин не можеме да воспоставиме ниту дијалог помеѓу позицијата и опозицијата. Ако целта е на овој начин да се работи во Собранието, навистина за нас тоа е неприфатливо. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Повелете госпоѓа Ѓорѓиевска имате три минути.

**Мери Младеновска-Ѓеорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Се јавив за процедурална дискусија како реакција на начинот на кој Владата на Република Македонија, со својата работа и со начинот на кој комуницира со нас пратениците, прави упад во Деловникот на Собранието и во досегашната пракса на работата во Парламентот.

Да се потсетиме дека по овој ист Деловник работеше и Парламентот во претходниот парламентарен состав. Но, се почитуваше Деловникот и се почитуваше тој начин на работа кој значи респект спрема опозицијата и давање можност опозицијата да го искаже својот став преку амандманска расправа за предлозите од Владата, како овластен предлагач на актите за кои расправа Парлаемнтот. Ваквиот ваш начин на работа предизвикува можност, или можеби вие сметате дека на овој начин ќе ја замолчите опозицијата. Но, мислам дека ако продолжите на ваков начин да работите, ќе се претвори тоа во спротивност затоа што ние сме доведени во ситуација сега многу внимателно да ги разгледуваме сите предлози на Владата и инспирирани сме кога некој законски текст Владата ќе достави до нас априори да даваме амандмани за секој член, затоа што нема да знаеме до последен момент што може да се случи, од која страна ќе удри Владата со напад врз, можеби некои законски текстови кои и сега се добри и наместо Парламентот да работи продуктивно, ќе се доведеме во ситуација законите овде да немаат завршница, туку да имаме само расправа која ќе нема крај.

Само да потсетам дека денешниве амандмани, двата амандмани доставени до нас, едниот од нив се однесува на член 11 од постојниот Закон за спречување на корупцијата, кој воопштоне е спомнат во текстот кој Владата го достави до нас уште во окторми, првиот текст не постои воопшто ниту во образложението ниту во текстот на тој закон, ниту во амандманите кои беа доставени во пакет минатата недела и денес за прв пат кога се расправа за Предлог законот, еве имаме амандман кој се однесува на член 11. Не е прашањето дали ние би се согласиле или не би се согласиле. Ваквиот начин на работа значи однапред несогласување на опозицијата. Јавноста го гледа тоа, ќе суди кој како работи. Ова што го правите е како во играњето тенис да се воведат нови правила, па само едниот играч да може со рекетот да гоудира топчето, а на другиот да му биде тоа забрането. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути процедурално, повелете господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе,

Сега имаме една Деловничка ситуација за која процедурално дискутираме и затоа се јавуваме од процедурален аспект, за примената на Деловникот.

Во ситуација како што вие се повикавте на соодветниот член 56 од Деловникот и побаравте мислење од Комисијата, вие како претседател, ние го добивме мислењето. Меѓутоа, никаде во Деловникот не пишува дека тоа мислење е облигаторно за вас и за Собранието. Тоа е факт. Од друга страна, факт е дека вие реплицирајќи на говорот на колешката Грковска, од СДСМ, многу јасно кажавте дека ги прифаќате и се согласувате со огромен дел од забелешките што ги искажа Грковска во името на пратеничката група на СДСМ. Тоа е факт број 2.

Во услови на таква ситуација кога мислењето на Комисијата не е облигаторно, а кога вие како

претседател на Собранието, според Деловникот имате крајна инстанца во однос на мислењето на Комисијата и според Деловникот “вие се грижите за примената на Деловникот”, значи ваша е последната одлука како ќе постапите и како понатаму Собранието ќе се раководи во однос на процедурата. Вие сте одговорен и сериозен и како човек и како претседател на оваа функција. Јас се согласувам и знам дека за многу работи не можеме да се согласиме, пред се политички, меѓутоа ова е прашање на процедура. Затоа ве повикувам, не можете истовремено и да се согласувате со забелешките на СДСМ, кои ги искажа Грковска и истовремено, условно речено, се извинувам што ќе го употребам тој збор, мислењето на Комисијата да го користите како алиби. Значи овој пат ако навистина сте независен, како што функцијата го налага тоа од вас, морате да се ставите на страната на правото и на правдата и на страната на Деловникот и да не дозволите повторно да се случи еден преседан кој не само по овој закон, ќе остави последици и во понатамошната работа на Парламентот. Значи после ќе се повикуваме на тој негативен преседан и ќе се мултиплицира тоа и т.н., па дури после може тоа да се користи и за некои измени што се сака да се постигнат со новиот Деловник. Меѓутоа за тоа потоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има една неизбежна логика на овие процедурални интервенции ваши, која е логика и која ја почитувам.

Внимателната анализа на вашите последни три процедурални интервенции, заправо се сведува на жестока критика на Деловникот, а деловничкиот модус од член 53.

Господине Кондарко немојте да ми упаѓате во збор, јас никого не обвинив, напротив имав намера да ја оправдам вашата дискусија. И покрај вашето упаѓање таа намера нема да ја променам.

Неизбежната логика во целата оваа дискусија поширoко, а посебно во трите ваши интервенции, е следната, критика на Деловникот, на која јас се придружувам. Тука е тајната што тоа личи како да сум од една страна со Грковска. А зошто сум пак со Јакимовска односно со Комисијата? Затоа што е тоа легија артис Деловник, затоа што ние уште го почитуваме тој Деловник, а сите знаеме дека тој Деловник е зрел за промена. Затоа јас и предложив, прво кога почнав да се запознавам со Деловникот, што се вели како со буквар, веднаш ми се роди идеата да го промениме Деловникот. Додека еден закон допушта ваква интерпретација, јас ќе ја користам, како и вие. Значи законот не треба да допушта таква интерпретација, туку да биде дециден. Деловникот е под законски акт, но мора да биде далеку подециден, далеку поконкретен и далеку пообврзувачки. Инаку, вие сте правник, вие знаете дека во законските акти, она што е на слободен избор, и во Уставот не пишува, член тој и тој секој граѓанин е должен да го почитува. Нешто се и подразбира. Тоа што не е изричито забрането, тоа е дозволено. Законот е кодекс на забрани. Според тоа не ви држи тој факт. Тој е изитрен факт, добар за генијален адвокат, но за политичка дискусија не.

Со ова ви давам знак, диполматски, дека ја завршувам процедуралната расправа, која е исцрпена.

Се враќаме на дневниот ред.

Има збор господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Благодарма претседателе,

Пратениците од опозицијата мислам дека подолго време, користејќи ги некои деловнички одредби постојано се обидуваат да укажат на јавноста, пред се, дека парламентарното мнозинство ги крши законите, дека го крши Деловникот.

Мислам дека една пракса што е воспоставена од 2002 година од кога е доенсен Деловникот, прво да се расправа и да се донесуваат амандманите, а потоа да се отвара претрес по Предлогот на законот, таа била присутна во изминатите 4 години. Сега ние увидовме дека таа пракса не е добра, дека прво треба да се води претрес по Предлог на законот, а после тоа да се расправа и да се одлучува по амандманите. Значи до сега на нив не им пречело, сега на тоа сериозно укажуваат и им смета. Но, до сега таа можност ја користеле.

Исто така повеќе пати укажував дека таа пракса треба да ја смениме. Деловникот треба да биде попрецизен. Дали прво ќе се води претрес по предлог на закон па после тоа да нема претрес, туку да се одлучува по амандманите и на крај да се гласа за законскиот проект.

Натаму, Владата, согласно Деловникот што исто така се спроведува повеќе од 4-5 години, во Деловникот пишува дека Владата може во текот на претресот, тоа значи до крај на претресот да поднесува амандмани. Но, не е предвидена деловничка можност, пратениците да можат да реагираат со амансмани, на амандманите на Владата. Тука тоа е согласно Деловникот.

И претседателот укажа, ова треба да се промени. Треба да се промени за да можат пратениците, кога ќе стигне амандман од Владата, без разлика во која фаза, да може да реагираат. Тоа е аргумент повеќе, активностите околу подготовките на Деловникот да бидат забрзани, да се донесе нов Деловник.

Ова било до сега пракса и според деловничката одредба е така да се постапува. Ние не треба сега да трпиме критика зошто настојуваме да се почитува Деловникот. А, за сметка на тоа, поени во јавноста да собира опозицијата. Затоа треба да биде многу јасно дека Парламентарното мнозинство го почитува Деловникот.

Сето ова да го оставиме на страна. Имаше многу добра расправа по Предлогот на закон за изменување на Законот за спречување на корупцијата. Владата во текот на расправата, кога се расправаше, кога имавме општа расправа прифати одредени сугестии и од опозицијата, но исто така и од пратениците кои го сочинуваме

парламентарното мнозинство, укажавме на некои недоследности и излегоа сега со решение што сметам дека е прифатливо, односно се прифатливи за сите пратеници. Тоа укажува на можноста, односно предлага амандман во текот на изборната кампања да не можат да се склучуваат колективни договори за да не се злоупотребуваат работниците или да не се инволвираат во изборната кампања.

Втора работа на која што повеќемина укажавме, наместо пет годишен мандат на претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата да има едногодишен мандат и нормално да се ротираат. Мислам дека се прават две крупни новини што ја подобруваат содржината на измените на овој закон и наместо да прекинеме со непродуктивни расправи, да одиме што е можно побрзо да ги разгледаме амандманите, да се донесе законот, се со цел да може да се распише конкурс, да се избере нова Државна комисија за спречување на корупцијата за да може да работи. На тој начин Парламентот ќе придонесе за поефикасна борба против криминалот, против корупцијата.

Крупна е промената што членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата ќе се бираат на јавен, транспарентен начин. Тука ќе се инсистира на личности кои имаат висок интегритет, кои ќе се високи професионалци, не се партиски експонирани и на тој начин Парламентот, давајќи поддршка на такви законски решенија, таква процедура, ќе ја забрзаме борбата против корупцијата на која што сите укажуваме, но како апстрактен поим. Тогаш кога треба нешто конкретно да се преземе, кога ќе се посочат конкретните цели спрема кои се насочени активностите на Владата и на другите институции во државата, тогаш ние бараме оправдување, тогаш бараме некои други празнини во законите итн., или како што еве ние правиме, расправаме месец и половина за Законот за полиција, сега ако продолжиме со една ваква непродуктивна расправа, можеби ќе расправаме уште десетина дена по овој закон, затоа укажувам дека Владата ја искористи својата можност врз основа на расправата од пратениците да предложи амандмани што се прифатливи и ја подобруваат содржата на законот.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплики: Младеновска -Ѓорѓиевска, потоа Спасовски Оливер.

Дали има некој друг за реплики? Нема.

Повелете, три минути.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Господинот Трајанов вели дека на оваа парламентарна опозиција не и пречел овој Деловник во времето кога била на власт.

Јас ќе спомнам дека на секоја власт и на секоја владеачка гарнитура и е најзначајно да ги почитува правилата и законите и Деловникот и тоа претходната владеачка гарнитура го правеше.Давајќи право на тогашната опозиција амандмански да интервенира на секој предлог што Владата дополнително го доставуваше. Важно е дека овој ист Деловник, кога се применуваше онака како што треба од страна на претходното парламентарно мнозинство, тогашната опозиција немаше забелешки. Беше задоволна.

Тоа е важно. Опозицијата да биде задоволна од примената на Деловникот, а власта да го применува Деловникот онака како што треба.

За да појаснам, можеби дел од пратениците и не разбираат точно што значи ова за што ние говориме овде, е тоа што може да се најдеме во ситуација, како опозиција, да бидеме предлагачи на закон. Бидејќи по Деловникот не го употребува терминот - Владата може до крајот на рсправата да поднесе амандман, туку - подносителот на Предлогот на законот. Во случајов Владата е подносител, но може и секој пратеник поединечно или повеќе пратеници, па и од опозицијата да достават некој предлог на закон. Во тој случај, ако пратениците од позицијата го пропуштат времето на поднесување амандмани, а дополнително подносителите, тоа значи пратеници од опозиција да достават нови амандмани со кои што се менува текстот на законот, е тогаш ќе видиме како ќе расправаме во овој Парламент.

Но, силата е во рацете на мнозинството, можат да бидат сигурни дека сето тоа што ние ќе го предлагаме, на крајот како мнозинство нема да го поддржат. Тие предлози на опозицијата да не бидат у својувани. Јас се надевам дека во ова парламентарно мнозинство има пратеници од повеќе политички партии и дека, за да докажеме дека Парламентот е европски, треба да работиме на таков начин. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Трајанов Павле има контра реплика, повелете.

**Павле Трајанов:** Во минатиот состав јас не бев во Парламентот. Но, тоа што го следев преку преносите и од дневниот печат, можам да оценам дека опозицијата апсолутно не беше задоволна од односот на Парламентарното мнозинство од 2002 до 2006 година.

Понатаму, мислам дека пратеничката Младеновска направи едно обвинување дека пратениците или некои од пратениците не знаат да ги толкуваат одредбите на Деловникот па укажа дека подносител на Законот може да биде освен Владата и пратеник и некој друг. Се работи за сосема јасна ситуација. Подносител, во овој случај е Владата и таа, до крајот на претресот може да интервенира амандмански.

Рековме дека има дефект во Деловникот, но треба да се почитува се додека не се промени. Ние сме дека процедурата значи демократија и мораме да ја почитуваме процедурата и Деловникот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете Спасовски Оливер три минути.

**Оливер Спасовски:** Благодарам претседателе.

Сакам да му реплицирам на колегата Трајанов поради тоа што навистина повторно употреби еден термин - парламентарното мнозинство го почитува Деловникот. Демек, опозицијата што не сака да го почитува Деловникот.

Укажуваме неколку седници, токму заради тоа што мислиме дека парламентарното мнозинство врши мајоризација на опозицијата во Парламентот. Заради тоа што мислиме дека се злоупотребуваат нормите на Деловникот, не дека се почитуваат. И тоа, бидејќи после таквите укажувања не можеме да наидеме кај вас, тоа го укажуваме заради јавноста во Република Македонија.

Се додека така се однесуваме и не воспоставуваме нормален дијалог, навистина ќе се чини дека имаме непродуктивни расправи. И ние сакаме да имаме продуктивна расправа во која што ќе учествуваме. Заради тоа што суштинско изменување на текстот на законот се прави со амандманите на Владата што стануваат составен дел на законот. Тоа го кажав и во мојата процедурална интервенција. Во Собранието до сега, не усвоивме ниту еден амандман за да можеме да усогласуваме нешто друго. Туку, добивме амандман што е интегрален текст на Законот и има суштинска измена во тој дел. Заради тоа баравме со овој амандман да интервенираме. Сето тоа можеме да го кажеме како недостиг на овој Деловник, но ќе отвориме расправа за новиот Деловник па да видиме дали таму не е истата норма што е ставена и кои се намерите на парламентарното мнозинство.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Морам да интервенирам. Не е истата норма. Напротив, таа норма беше широко елаборирана од Силвана Бонева, следната норма, го имате таков примерокот.

Контра реплика Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуваниот пратеник Спасовски Оливер, практично самиот соопшти во Парламентот дека тие кога настапуваат, настапуваат заради јавноста, не за да ги решат проблемите внатре во Парламентот или да се почитува Деловникот, тоа е повеќе од јасно дека се работи за политички маркетинг.

Воочен е овој недостиг, да речеме деловничка грешка и тоа ќе се разреши. Ќе се разреши со тоа што ќе се овозможи, тоа ќе го предложиме ако не е така дефинирано во Предлог-текстот, во работанта верзија, ќе го направиме бидејќи е во интерес на поефикасна работа на Парламентот и да можат пратениците да се произнесуваат по амандманите на предлагачот, без разлика во која фаза ќе ги поднесе.

Така што, мислам дека Владата направи огромен компромис, прифати сугестии од опозицијата и да водиме расправа сега по еден законски текст, измена на закон, што се прифатливи за сите, мислам дека во таа насока е непродуктивна нашата расправа во целина како Парламент.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Младеновска - Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Повторно се јавувам за збор, но овој пат за дискусија бидејќи процедуралните интервенции навистина немаат никаков ефект. Ние зборуваме, но очигледно дека нема слух за сето она што опозицијата чувствува дека се јавува како проблем во комуникацијата помеѓу Владата и Парламентот, а посебно пратениците од опозицијата.

Бидејќи ваквиот начин на работа, навистина, оневозможува паравилно работење на Парламентот, ќе се обидам да се осврнам и да го искажам мојот став, а верувам дека е тоа став на Пратеничката група на СДСМ во однос на текстот на измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата.

Навистина, очекувавме овој законски текст да значи поголема можност за спречување на корупцијата во Република Македонија. Има дистингција помеѓу борбата со корупцијата и мерките што претходно се преземаат.

Кај нас, Комисијата се формираше 2002 година, функционираше, покажа нејзината работа како функционира. Се појавуваа одредени слабости во работењето и целта на сите измени и дополнувања на закони што во изминатиот период се правеа, беше да се подобри работењето во спречувањето на корупцијата. Токму за тоа во 2004 година беа направени измени и дополнувања што значеа прифаќање на ставот членовите на Комисијата за спречување на корупција да бидат лица што профефсионално ќе ја вршат оваа функција.

Да нема дилеми, со овие измени и дополнувања не правиме никакви усогласувања со европските стандарди или пошироко. Сето она што требаше да се имплементира се имплементираше и Комисијата на ОН од 2003 година за спречување на корупција имплементирано е во Законот од 2004 година. Тоа што го правеше претходната Влада, почнувајќи постапка за исмени и дополнување на Законот за спречување на корупција беше наша желба да се подобри законската регулатива во сферата на спречување на корупцијата и да се разрешат одредени прашања што во минатото покажаа дека навистина треба да се размислува за нивна измена.

Требаше да се прецизираат одредби што ја регулираат постапката и начинот на изборот на членовите на Комисијата за спречување на корупција. На наше задоволство Владата достави таков текст. Можеби не бевме во целост согласни со тој предлог, меѓутоа основното прашање за професионализација на Комисијата стоеше во првичниот текст што го достави Владата. Тогаш можевме да размислуваме и со амандманска интервенција за тоа дали ќе го поддржиме или не текстот на законот. Но, сето она што понатаму се

случуваше не враќаше назад и не оддалечуваше од помислата за поддршка на овој законски текст.

По завршување на расправите во комисиите, Владата достави нов текст со што се повлекува од решението членовите на Комисијата да бидат професионалци и се враќа на старото решение што значи спречување на корупција да вршат лица образувани во сферата на правото и економијата, но кои имаат било која друга професија, а волонтерски, односно со соодветен надомест ќе ја вршат и оваа функција на членови на Комисијата.

Затоа сакам да истакнам пред македонската јавност дека сметам, навистина е тешко лица кои професионално се занимаваат со една дејеност до 15,00 часот да бидат вршители и исполнувачи на таа своја професионална дејност во сферата на правото и економијата, а попладне да бидат антикорупционери кои треба да прават анализа на работењето на сите оние со кои претпладне имаат професионални обврски.

Сметам дека, колку и да е голем човекот проффесионалец, колку и да има енергија за работа, тоа претставува голем товар за оние кои ќе ја вршат оваа функција. Не сакам погрешно да ме сфатат сегашните вршители на оваа функција, членови на Комисијата за спречување на корупција, но верувам ако бидат искрени ќе кажат дека работењето на една, две, или повеќе работи им претставувало голем товар.

И, ако определба на Владата на Република Македонија, ако определба на Република Македонија е побрза интеграција во НАТО, побрза интеграција во Европа, тоа значи и засилена борба против корупцијата од една страна, но од друга страна јакнење на инсрументите за спречување на корупцијата, сметам дека предлогот на Владата со задржување на волонтерскиот статус на членовите на Комисијата не е решение што значи поефикасна борба односно поефикасно спречување на корупцијата.

Тука е и прашањето за судир на интереси, за што зборував кога се расправаше за Предлогот за донесување на закон, затоа што во овој закон нема одредби што го регулираат судирот на интереси. Јас не знам дали Владата има намера тој закон што во претходното парламентарното мнозинство помина во прва фаза, да го пушти во процедура. Но, ќе го повторам мојот став уште еднаш, можеби Владата отстапува од таа обврска, затоа што ќе треба да разреши многу функционери кај кои е очигледно дека во моментов постои судир на интереси од најразлична природа, да се обидеше овој закон да го решеше барем судирот на интереси кој што не смее да врши, мислам на членовите на Комисијата за спречување на корупција, исто така ќе можевме да разговараме. Но, тоа не се прави.

Дури, имаше обид да се вметне, со претходните амандмани, решение и претседателот на Комисијата да биде претседател пет години. Владеачкото мнозинство да си го загарантира претседателот, да си го избере сега претседателот и до крајот на својот мандат да бидат мирни, да не размислуваат дали Антикорупциската комисија за нешто ќе ја спомнува Владата, туку, претпоставувам дека ќе има обврска да се занимава со опозицијата.

Добро е тоа решение што претседателот ќе биде со ротирачка функција. Но, реков, не е тоа основната причина поради што ние баравме да интервенираме со дополнително наши амандмани, да се задржи професионалниот состав на Комисијата. Тоа беше најважниот амандман за што ние се залагавме.

Исто така го нема ротирањето на членовите. Во образложението на текстот на Законот кој првично го достави Владата, тоа беше аргумент за кој самата Влада се залагаше. Сите членови да не бидат со ист мандат, туку едни со 5 години мандат, едни со мандат од 4 години за да можат да ротираат и да има континуитет.

Но, на тоа образложение, на тие причини за измени на Законот Владата заборави, па го заборави прашањето на континуитет и повторно се врати на еден ист мандат од 5 години за сите членови на Комисијата, сите заедно да почнат со Комисијата, да ја завршат функцијата во исто време, па да дојдат нови, а како ќе работат, тоа е нивна работа. Значи, секогаш да се почнува од почеток. И тоа не е добро решение.

Сметам дека Владата со сите овие амандмани што дополнително ги доставуваше го влошува текстот што првично го достави. Тоа е доволен аргумент и за опозицијата, ќе повторам уште еднаш затоа што основната причина за која се залагавме заради поефикасно спречување и работење во сферата на спречувањето на корупцијата не беше прифатено и од тие причини Законот, јас лично, а и пратениците од СДСМ нема да го поддржат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Васко Шутаров бара реплика, повелете, а исто така и Марија Андонова. Прва е Марија.

**Марија Андонова:** Благодарам претседателе.

Мојата реплика се однесува на почетниот дел од дискусијата на почитуваната колешка каде таа вели дека оваа Влада нема слух за она што го предлага опозицијата.

Јас навистина не знам до кога ќе се обидувате да ја искривувате сликата пред јавноста, бидејќи факт е дека вашите обвинувања се неосновани, па и овие два амандмани што ни ги достави Владата кои се резултат и продукт токму на вашите забелешки, забелешки што се извлечени од дискусиите на опозицијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има госпоѓата Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Ве молам да ми појасните само на кој начин претставниците на опозицијата реагираа за членот 11. Дали некој го спомна членот 11 од постојниот Закон за спречување на корупцијата Владата вака брзо и

експресно да интервенира во членот 11 со дополнителен амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Нека повели Васко Шутаров.

**Васко Шутаров:** Изгледа како мала дигресија, но е реплика на колешката Мери Младеновска-Ѓорѓиевска. Знам дека ова може да отвори дополнителни причини за нова дискусија, но сепак, споредбено, иако овде на Парламентот стана спор за романскиот пример, има неколку примери на добри борби против корупцијата, примерот е Сингапур кој проблемот со корупцијата го има решено за една година, примерот на Хонг Конг кој со овој проблем се справил за една ипол година. И примерот на нам блиската Република Хрватска која со овој проблем се соочуваше и во текот на изминатата година.

Наиме, 1999 година Хрватска на скалата на корумпирани земји била 74, а во 2005 година била 70. За нив ова било доволно алармантно за да во текот на годината, поточно на 11 јули на 62-та седница на Хрватскиот сабор да донесат два битни закони и тоа најпрвин на ниво на Сабор или Собрание Национална програма за спречување на корупцијата за 2006/2008 година. Со Националната програма се дефинирани мерките и роковите за постапување на телата од законодавната и извршната и судската власт кои содржат превенција, откривање и казнување, меѓународна соработка, јавно делување и спроведување на Програмата.

Во исто време е донесен и Национален совет, сосема сличен на нашата Државна комисија за спречување на корупцијата во која во членот 5 стои одредба дека членовите на овој Национален совет ќе работат со обичен надомест за работа или ќе работат непрофесионално.

Зошто го велам ова? Хрватска е една од земјите која е на праг да ја ратификува Конвенцијата на Обединетите Нации за корупција од 2003 година во која во делот за професионалноста колешката Младеновска беше екс министер за правда и сметам дека треба да ја знае оваа одредба од Конвенцијата за спречување на корупцијата од Обединетите Нации од 2003 година дека членовите кои на ниво на државни комисии би се бореле против корупцијата не смеат да бидат професионалци од кариера. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика од една минута за Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Да, бев во претходниот состав на Владата министер за правда затоа ќе кажам што е тоа што претходната Влада го направи токму заради спречување на корупцијата и тоа почнувајќи со уставните измени со кои се укина имунитетот на министрите освен на претседателот на Владата со уставните измени од 2005 година, министрите во Владата немаат имунитет.

Исто така беше укинат и имунитетот на јавните обвинители. Почнувајќи од првиот обвинител во државата, па продолжувајќи со сите останати обвинители.

Бидејќи претходните денови беше спомнато прашањето за имунитетот на пратениците, е, почитувани колеги, претходниот состав на Владата ќе предложеше решение да се укине имунитетот на пратениците, но тогаш немаше да добиеме поддршка на уставните амандмани токму од пратениците од опозицијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе.

Јас би сакала, во интерес на времето, сосема накратко да се осврнам на текстот на Законот.

Во мојата дискусија по претресот на Законот зборував за волјата која овде беше искажана од сите нас пратениците за енергична борба за справување со ова големо зло кое е навлезено во сите пори на секојдневното делување и од темели ја разрушува економијата на Република Македонија - корупцијата, но, сега би сакала конкретно да се осврнам на она што ни се нуди.

Имено, вчера реков и ќе повторам, почитуваниот колега Вељаноски, бидејќи сега е тука, во својата дискусија истакна дека е добро од опозицијата да слушне барем некој пофален збор за она што ни се нуди како закони. Јас мислам исто како вас, почитуван колега. Јас во целиот изминат мандат очекував од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ да слушнам барем еден збор за некое понудено законско решение. За жал, тоа не се случи. Но, вие и ние не сме исти и токму дека не сум иста еве сега ќе кажам што е добро во овој текст на Законот.

Имено, сметам дека членовите од 1 до 5 се од исклучително значење за подобрување на работата на ова тело затоа што се гледа јасна заложба која оди во прилог на спречување на корупцијата и тоа конкретно на спречување на корупцијата во политиката.

Со овие членови, покрај тоа што се санкционираат појавите предвремено отпочнување на кампањата, мислам на изборната кампања, што бевме сведоци многу често во изминатиот период тоа ни се случуваше, туку се создаваат и претпоставки за функционирање на можните незаконски постапувања во однос на користењето на буџетските средства кои би се вршеле во периодот пред официјалното започнување на изборната кампања, како и за време на самата кампања.

Исто така сме сведоци дека и тоа до сега во праксата многу често ни се случуваше.

Добар е и амандманот, мислам последниот иако жестоко реагирав на начинот и постапката кога Владата ни го доставува по завршување на претресот, но морам, за волја на вистината, да признаам дека е добар амандманот од Владата со кој во овој период не можат да се потпишуваат колективни договори. Значи во предизборниот

период, односно во периодот кога е веќе започната кампањата. Со ова членот 1 од Предлог-законот е апсолутно прифатлив и велам дека нуди едно добро решение.

Сметам дека е добро да има комплетна и целосна транспарентност во финансирањето на политичките партии, исто така се третира во овие членови, затоа што на тој начин ќе ја спречиме можноста за корумпираност од страна на политичарите односно на оние кои потоа ќе дојдат на функција во зависност од анонимните, таканаречени извори на средства. Тука е се во ред.

Исто така сметам дека е добар и членот 10 кој говори за јавност на анкетните листови и мислам дека тука се прави чекор повеќе да можат граѓаните да ја имаат на увид имотната состојба и движењето на имотната состојба на оние кои тие ги избрале, на оние на кои тие им ја дале довербата и оние кои треба да бидат во нивна функција.

Искажав одредени дилеми и недоречености, а бидејќи мислев дека нема повторно да земам збор, укажав на тоа дека во одредени членови, можеби Владата требала да го допрецизира тоа, тоа се однесува на членот 24 каде се зборува за доаѓање до податоци односно до одредени информации и вели дека "задолжително се постапува во рок од 15 дена да се добијат информациите" , а зборовите "не може" од претходниот закон имателот на информации да се повикува на државна службена и друга тајна, се заменуваат со зборовите "класифицирани информации во кој случај се постапува согласно Законот".

Сметам дека и најдобро намерно укажувам дека би било добро да се цитира тој закон оставајќи можност да се повикуваме на повеќе закони, мислам дека само создаваме конфузија и оние кои треба да постапуваат по одреден закон можат по свое наоѓање онака како што тие сметаат да постапуваат по едниот или по другиот закон. Имено, имаме Закон за класифицирани информации, а имаме и Закон за слободен пристап до информациите.

Бидејќи беше многу говорено околу она за што не се согласуваме со членовите 16 околу професионалноста на ова така значајно тело за спречување на корупцијата веќе беше доста говорено, меѓутоа, јас ќе бидам искрена, мислев и препознав волја кај Владата со тоа што членовите на ова тело ги подигна на едно професионално ниво да отпочне битка со корупцијата се со цел работите конечно да тргнат на подобро и Македонија да се помести од 105-тото место. Меѓутоа, за жал, со амандманите ни се понуди едно анахроно решение со кое во значителна мерка се отстапува од она што се предлагаше со Законот. Можеби ќе се каже дека и во претходниот состав така работеше Антикорупциската комисија, тоа е точно, но ние правиме закони врз она што го покажало искуството дека не е добро и наша заедничка цел е да донесеме закони кои ќе бидат подобри и ќе можат подобро да се имплементираат.

Ова решение за професионалноста не само што беше поприфатливо за пратениците од опозицијата, туку во голема мера, до скоро беше прифатливо и за пратениците од парламентарното мнозинство затоа што токму такви ставови искажаа на работата на работните тела кога се дискутираше по ова прашање беше прифатливо и за почитуваниот господин министер кој на веќе многу пати спомнуваната Конференција искажа мислење во Струга дека е добро членовите на Антикорупциската комисија својата функција да ја обавуваат професионално.

Во истата насока беше искажаниот став на почитуваниот заменик министер кој до овој момент не се одважи да ни даде одговор зошто токму самиот во однос на овој член рече, повторно цитирам: "Имајќи ги предвид искуствата на досегашното функционирање на Комисијата, како и интенциите за обезбедување на што повисок степен на независност на ова тело, се оцени за опортуно членовите на Комисијата и во следниот состав функцијата да ја извршуваат без професионален статус". Се прашувам на што се должи оваа изјава, дали на говор подготвен пред Владата да ги поднесе амандманите, дали на искажано сопствено мислење или можеби на поткрадена грешка во говорот според Фројд. Но, сега не би дебатирала повеќе од тоа околу тоа.

Почитувани пратеници, реков дека ова беа заложби на голем дел од пратениците од парламентарното мнозинство искажани на комисиите, на работните тела во насока на пофалба на тоа што имаме закон кој нуди професионално обавување на дејноста членови на Антикорупциската комисија.

Имено, ова решение што сега ни го понуди Владата не само што не е прифатливо за нас пратениците од опозицијата, не во нијанси, туку дијаметрално се разликува од она што го мислеше ВМРО-ДПМНЕ додека беше во опозиција и се залагаше за професионалност на членовите на Антикорупциската комисија. Тука беше спомнат и пресот од почитуваниот колега Владимир Ѓорчев во однос на она како треба да се избираат и како треба да ја обавуваат својата должност членовите на Антикорупциската комисија.

Сметам дека е добро што, барем една од сугестиите се прифати на опозицијата и со новопредложениот амандман, бидејќи сега имаме неколку продолженија како овие серии што сме навикнати да ги гледаме, на поднесување на амандмани, со новоподнесениот амандман барем се прифати една од сугестиите на опозицијата претседателот да има мандат од 1 година и со тоа се овозможи поголема независност во неговото функционирање, а и можност другите членови да дојдат и да застанат на оваа функција.

Сосема на крај почитуван претседателе, сакам да ја изразам мојата надеж дека е ова последен пат кога Владата по завршен претрес ќе ни доставува

амандмани по закони кои се од суштинско значење. Исто така со суштински промени ќе настојува да го измени текстот на Законот и тоа во последен момент кога овде и пратениците, без разлика каде припаѓаат дали на парламентарното мнозинство или опозицијата, ќе го искажат својот став. Тоа не е добро, ќе повторам, за парламентарната демократија во Република Македонија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

За збор се јави Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам претседателе.

Да ви кажам искрено одушевена сум од дискусиите на пратениците од опозицијата со нивните искажувања по повод овој Закон, по повод и другите закони со кои искажуваат волја. За борба против криминалот, за борба против корупцијата, но ете не се во можност да помогнат во таа насока заради тоа што законските решенија кои се нудат во таа насока не се добри.

Во некој дел се добри, во некој дел не се добри. Меѓутоа, дискутираат и дискутираат понатаму, за да покажат дека се многу загрижени за состојбата во земјата во врска со корупцијата и криминалот, во кој поглед сме меѓу водечките земји во светот. Кога ќе се сведе сета таа дискусија и ќе се исфрлат оние работи кои се кажани за да се покаже колку имаат тие убав речник, колку можат да кажат убави работи, да цитираат некој мислител и писател, на крајот заклучувам дека сите овие дискусии до сега од новиот парламентарен состав се однесуваат токму на законите кои ја третираат оваа област: борба против криминалот и корупцијата. Тоа се случи со Законот за полицијата, тоа се случи кога требаше да одлучиме за смена на јавниот обвинител Прчевски, тоа се случува и сега со Антикорупциската комисија. Ако Законот за полиција навистина регулира една област целосно за борба против криминалитетот воопшто, овој Закон регулира еден мал сегмент во борбата против корупцијата, односно за работата на Антикорупциската комисија. Се сеќавам како почна дискусијата по овој Закон. Прво што се јави од страна на опозицијата беше токму госпоѓата Мери Младеновска Ѓорѓиевска, која што почна со зборовите: ако опозицијата се колебаше дали да даде поддршка или да не даде на овој Закон, со поднесување на амандманот од страна на Владата, дефинитивно одлучиле да не дадат поддршка на овој Закон. Од оваа изјава заклучувам дека се чекало само на некој момент да се зацврстат во својата одлука да бидат против и овој Закон, кој што регулира материја поврзана со антикорупцската борба за која сите на зборови се залагаме, меѓутоа, не дозволуваме да профункционира.

Од досегашните дискусии на сите дискутанти од опозицијтата останува како спороно дали Антикорупцската комисија треба да биде професионално, односно да работи за плата и да не работи ништо друго, или да не биде професионално. Ако се сеќавате, а сигурно сите се сеќавате, кога се дискутираше за независноста на судството, како еден од најважните моменти за ослободување на судството од партиски и државни влијанија беше да се создаде самостоен буџет на судовите и истите да се финансираат од тој буџет. И тоа се стори. Зошто е тоа битно? Затоа што тој што те плаќа, се заклучува дека работиш за него. Ако е тоа така во однос на судството, за кое сите сме се согласиле, ако во пракса тоа многу добро се покажа и се покажува и сега, со тоа што тој буџет всушност не заживеа сеуште и судовите се соочуваат со огромни долгови што не можат основата функција да ја вршат заради тоа што не можат да платат поштарина, ниту да ги платат надворешните членови, ниту да ги плата поротниците, тогаш навистина ако тој аршин важи за судството, зошто да не важи и за членовите на Антикорупцската комисија. Што сакам да кажам? Ако членовите на Антикорупцската комисија се финансираат од централната власт, веднаш се поставува прашањето дали тие навистина се независни во своето работење или ако си имаат свое редовно занимање, а ова да биде непрофесионално делување и тоа во сегмент на одкривање на дејствија кои во своето однесување содржат корупциски елементи. Тоа не е огран за прогон, тоа не е судство, тоа не е орган кој што дефинитивно одлучува кој ќе биде казнет, а кој нема да биде казнет, против кого ќе се води постапка вакава или онаква. Тоа е Комисија која е совест на општеството, Комисија која ќе ги следи сегментите на живеењето во општеството, ќе открива одредени девијантни појави и ќе укажува на нив преку средствата за јавно информирање, преку известување на органите овластени за откривање и гонење на криминал. Тоа е еден сегмент од низа елементи кои ја сочинуваат низата за борба против корпуцијта и криминалот.

Според тоа, ако е тоа така, тогаш што е грешката што Владата увидуваајќи дека ќе се згреши ако се оди на професионализација на членовите на Антикорупцската комисија, со амандман интервенирала на време за да не се случи навистина тоа. Со тоа Владата покажала дека навистина размислувала и дошла до заклучок дека ако сакаме навистина да биде она за што се залагаме, оваа Комисија да ја врши својата работа како што е предвидено со Законот за нејзино формирање и нејзино делување, тогаш овие членови треба да бидат независни, неоптоварени, да не мислат дали следниот пат ќе добијат плата и колкава ќе им биде таа плата, дали ќе биде доволна за задоволување на нивните егзистенционални потреби. Само тогаш е оценето дека членовите на Комисијата ќе бидат слободни да делуваат онака како што треба за да бидат неоптоварени и да бидат слободни во своето мислење, одлучување и делување.

Според тоа, овој проблем кој што се истакна се дискутираше на долго и на широко од сите дискутанти до сега. Па и да е така, да се убедиме дека е така како што дискутираат, во што јас лично не сум убедена дека тие навистина тоа го

мислат, нели е доволно неколку души, неколку членови, неколку парламентарци од опозицијата тоа да го кажат, да се продискутираше од едната и од другата страна, да се слушне претставникот на Владата, да го даде своето мислење. Што се сака понатаму да се постигне со одолговлечување на дискусијата само во овој сегметн? За да се дојде до оваа точка на судирање, претходно се зборува барем половина час како воведно излагање, како излагање за да се појавиш на телевизија, да те види граѓанството дека навистина си тука и потоа за две минути ќе се каже тоа, па повторно ќе се заклучува дека Владата и покрај тоа што излегла во пресрет на дискусиите од опозиционерите, сепак, со тоа што не им го прифатила нивното мислење и нивниот начин на размислување дека не е добро, дека не добро постапила, дека не може да се прифати амандманот, дека треба да се дозволат амандмани, амандман на амандман кој што е усвоен по нивна дискусија, со процедурални прашања се дискутира до бесвест за работи кои се јасно пропишани со Деловникот, со наведување на мисли кои немаат врска со Деловникот, со повикување на деловнички одредби кои тие ги донеле и ги применувале како такви до сега, се со цел само да се влече дискусијата.

Меѓутоа, јас ве убедувам дека ние како позиција сме одговорни најмногу за работата на Парламентот, дека ќе бидеме трпеливи до крај да ги сослушаме сите нивни дискусии, иако тие се повторуваат, исто па исто па исто. Меѓутоа, никого не можат повеќе да убедат, а помалку граѓанството дека на ваков начин тие се борат против криминалот и корупцијата во државата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за госпоѓата Роза Топузова Каревска.

Повелете три минути.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

На самиот почеток да изразам благодарност на колешката Дулиќ на лекциите кои ни ги делеше. Очигледно е дека вие не само што сакате опозицијата да не дискутира, да не дебатира по одредени закони, туку веќе ни наметнувате стил и начин на кој ние би требало да го правиме тоа. Од друга страна, навлегувате и во ингеренциите на претседателот на Собранието, па се обидувате да воспоставите ред и да го диктирате текот на седницата. Мислам дека тоа е недолично.

Почитувана колешке Дулиќ, што се однесува до професионалното бавење на членовите на Комисијата за борба против корупција не се работи само за платите, се работи за нешто друго. Сите ние овде, па и надвор од Парламентот, сите политички субјекти во едно се согласуваме: дека има корупција во Република Македонија, дека таа корупција е многу сериозно зло, дека таа корупција ги разнишува темелите на економијата во Република Македонија. Треба да почнеме сите да се справуваме со неа. И сега, ако од една страна тоа го говориме, а од друга страна овие членови, она тело кое треба да биде најажурно, најагилно во таа борба, кое треба да дава пример и жестоко да се бори со ова зло, членовите на тоа тело треба да си имаат свои професии, па во слободното време или можеби од хоби да се фатат во костец во борбата со корупцијата. Токму и оваа димензија јас ја разгледував на вчерашната дебата. Значи не се работи само за платата. Сакаме ли да имаме Антикорупцска комисија која во целина најсериозно ќе се зафати со битката за спречување на корупцијата, или сакаме да имаме членови кои онака попатно кога ќе имаат време ќе кажат ајде сега да видиме каде сега има корупција или кој случај од овие што се надвиснале над Република Македонија ќе го третираме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за госпоѓата Благородна Дулиќ.

**Благородна Дулиќ:** Не знам што би одговорила во контра репликата, меѓутоа ред е да се јавам за да не се помисли дека го прифаќам она што го кажа колешката. Инаку, во своето искажување мислам дека бев јасна и милам дека таа потполно разбра што сакав да кажам, па според тоа мислам дека секакво натамошно искажување е излишно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Јас се јавив процедурално, меѓутоа, сакав да бидам коректен па се јавив по пратеничката Дулиќ за да некој не прочита намера дека сакам да ја прекинам дискусијата.

Сакам да побарам пауза не повеќе од десетина минути, обично барам кратки паузи, од име на пратеничката група на ЛДП. Имено, почитуван претседателе, ние пратениците од опозицијата сме видно вознемирени што не можеме амандмански да интервенираме во однос на амандманите од страна на Владата, вознемирени поради тоа што се случува по трет пат и што стана традиција, така што по десетина минути ќе го кажме нашиот став, ставот од името на опозицијата како ќе се однесуваме во натамошниот тек. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ако вашата голема вознемиреност ќе ја смирите за десет минути, повелете.

Објавувам пауза од десет минути.

(Паузата отпочна во 13,32 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,44 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Со дозвола на Трајко Велјаноски ќе дадам процедурално на Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, би сакала да го соопштам ставот на опозицијата.

Имено, ова беше точка по која што очекувавме конечно да почне дијалогот во Собранието помеѓу парламентарната опозиција и позиција, за изнаоѓање начини за уште подобро и поефикасно заедничко борење против корупцијата.

Наместо тоа, за жал, продолжи традицијата наметната во овој парламентарен состав, со која што парламентарното мнозинство и вие претседателе како човек кој што би требало како пратеник прв меѓу еднаквите да го спроведува Деловникот, ја ускратувате можноста на опозицијата амандмански да реагира на амандманите кои што се дополнително доставувани во последен момент од страна на Владата, со кои што се менува текстот на Законот, кој што веќе сме го разгледувале во комисиите и за кој што веќе беше започната дебатата и завршена општата расправа во ова Собрание.

Апелирам до парламентарното мнозинство и до вас претседателе да не ги задушувате демократските можности што ги дава Деловникот, да и овозможите на опозицијата амандмански да реагира и да го користи деловничкото право ова да биде последен пат на парламентарната опозиција да и биде ускратен механизмот со кој што може да реагира на атхок решенија. Во знак на протест, заради ваквата традиција што ова парламентарно мнозинство ја наметна, парламентарната опозиција ќе ја напушти седницата по однос на оваа точка од дневниот ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе, малку да почекам опозицијата навистина да го исполни тоа што го кажа дека ќе ја напушти салата. Тоа не е добро. Не е добро затоа што стана практика на опозицијата на секој позначаен закон да се заканува. Заканата се состои во тоа, ако не не послушате нас, ние ќе напуштиме, ние ќе се жалиме, ние ќе го направиме ова. Жално е вака што опозицијата не е тука во лице да се гледаме да им кажам.

Вие господо од опозицијата, како да не сфаќате дека на 5 јули ги изгубивте изборите. Вие не сфаќате, затоа што сакате и покрај изгубени избори да го креирате политичкиот систем во Република Македонија, сакате да ги креирате законите.

Зарем не ви беше доволно што беа прифатени одредени амандмани од страна на Владата по однос на искажувањата од ваша страна. Беа прифатени амандмани, во кои што се вметна во членот 11, по искажувањето на господинот пратеник Азис Положани. Пратеничката Мери Младеновска, како што има обичај, изгледа таа сака како што беше претходно министер, не може да свати дека сега е пратеник, кажува нешто, кажува невистини и по пет минути ја напушта собраниската седница. Тоа го правеше и како претставник на Владата кога беше министер за правда на одредени собири, на кои што го искажуваше своето мислење и потоа бегаше, без да ги сослуша аргументите од другата страна.

Владата го прифати и поднесе амандман во кој што укажувањето на господинот Азис Положани се вметна дека не треба да се потпишуваат колективни договори за време на изборната кампања. Тоа е прифатено. Прифатено е исто така да има ротирачки принцип на избор на претседател. Што уште сакате вие господо од опозицијата. Сакате вие да го правите законот. Сакате и покрај сите укажувања што ги имаше од страна на меѓународни организации, слепо да останете на тоа, членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата да бидат професионалци. Вие кажавте и мафтавте со тоа дека има препораки од Третата конференција за оценка на имплементираноста на државната програма за превенција и репресија на корупцијата. Тие препораки Владата ги прифати и го измени, со што вие претходно без некое образложение во 2004 година го вметнавте како член дека членовите во Државната комисија за спречување на корупцијата треба да имаат професионален ангажман. Препораката од меѓународните организации е да се преиспита тоа решение и да се предложи решение во кое ќе бидат вметнати одредби дека членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата, треба да бидат непрофесионалци. Владата го прифати тоа, затоа што смета према сите европски стандарди потребно е да има такво решение. И не случајно, во првиот закон за спречување на корупцијата од 2002 година се вметна таа одредба. Таа одредба во која што членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата има непрофесионален ангажман. И можеме да видиме дека и покрај целиот притисок што го има претходната Влада одолеа на притисокот затоа што има свој личен ангажман, имаат свое работно место и не беа зависни од претходната власт. Затоа, би укажал дека многу е битно, многу е значајно, господа од опозицијата, како Законот за спречување на корупцијата ќе биде имплементиран.

Не случајно дека во првиот член од Законот пишува дека основата и целта на овој закон е да се спречи корупцијата. Значи, корупција да не постои. А доколку постои корупција, доколку се утврдат коруптивни дејствија и дејанија на одредени функционери, надлежноста е тогаш на друга институција, Јавното обвинителство и судот. И многу е битно и многу е значајно за Република Македонија корупцијата да се сосече во коренот, да не дојде до коруптивни дејствија. Доколку дојде до коруптивни дејствија секој треба да одговара. И одредени забелешки што ги имаме од Европската Унија дека нема случаи во кои што некој е казнет за коруптивни дејствија, затоа што, познато ви е со вашиот јавен обвинител не дозволувавте коруптивните дејствија, почнувајќи со сите бачила што беа да излезат на виделина и да имаат одредени дејствија согласно Законот и да бидат во таа смисла казнети одредени функционери.

Затоа, упатувам апел до опозицијата да престане со зборот “дијалог” да го користат, односно да го злоупотребуваат, сакајќи на тој начин тие да воведат ситуација во која што опозицијата би го диктирала темпото на законите што треба да се донесат во Собранието на Република Македонија.

Во однос на Законот кој што е ставен како точка на дневен ред на оваа седница, се расправаше три-четири дена. Се распаваше јалово за едно решение за тоа дали да бидат професионалци членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата. Со оглед на тоа што не се прифати нивното барање, со оглед на тоа што не дека е барањето поднесено од страна на опозицијата, затоа што меѓународните оранизации и експерти надворешени укажуваат дека тоа решение е погубно за корупцијата во Република Македонија, тие кажуваат дека нема дијалог. Дијалог има, дијалог постои од оваа говорница. Дијалог не се прави со напуштањето на собраниската сала. Дијалог се прави со наметнување на аргументи. Дијалог се прави со слушање на аргументите од страна на Владата на опозицијата и вметнување ако се добри тие аргументи. Не со сила, со наметнување на идеи кои што и самите знаат дека не се добри во однос на Законот за спречување на корупцијата. Дали нивната цел е на тој начин, како што правеа и претходно да се блокира работата на Собранието и сите случаи во кои што Владата дава законски решенија да не се овозможи да бидат имплементирани и да покаже оваа Влада дали има средства, дали има начини и дали ги применува сите средства во однос на борбата против корупцијата. Затоа би сакал да кажам, многу е битно да се донесе овој закон, да се види како се имплементира и дали функционираат сите институции кои што имаат одредени надлежности согласно Законот за спречување на корупцијата. Затоа што битно е исто така дали по одредени извештаи од Државниот завод за ревизија, оваа Влада ќе постапува, и ќе утврди дали има одредени коруптивни дејствија на одредени функционери кои биле претходно министри во претходната Влада. Тоа многу битно и тие оценки, тие сознанија што Владата ќе ги достави и ќе ги приложи во однос на своето работење ќе бидат оценети од Европската Унија во однос на нашето опозиционирање има реформи и дали има постигнато одредени резултати во однос на борбата против корупцијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави Васко Шутаров.

**Васко Шутаров:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

После четиридневна дебата и после изјавите на вознемиреност и жолчност, можам само да констатирам дека најжестоко и најголема жолчност во досегашната работа на Собранието се јави од страна на опозицијата во рамките на поведувањето процедура за промена на поранешниот јавен обвинител и на дополнувањето на Законот за борба против корупцијата. И тоа не е случајно. После четиридневна политичка дебата, опозицијата не обвинува дека не сме имале чувство за дијалог и за политичка дебата, но јас ова отсуство на опозицијата на крајот на денешната расправа, само можам да го сметам како недостаток на политичка волја за одлучување на опозицијата по така битни прашања од интерес на државата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Законот.

Службите нека дадат точен број на присутни пратеници во салата.

Значи, давам пауза за ручек. Паузата ќе трае заради мои протоколарни обврски до 15,30 часот. Потоа ќе продолжиме со 15-та седница, а по таа седница ќе продолжиме со 12-та седница.

(Пауза од 14,00 часот)

(Седницата продолжи со работа во 16,22 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по 12-та седница на Собранието на Република Македонија.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата со Предлог на закон.

Претресот по текстот на предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Во салата се присутни 63 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 60, воздржани двајца, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнјување на Законот за спречување на корупцијата.

(аплауз)

**Минуваме на точката 11-Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на туризмот, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на зконот и извештаите на работните тела на Собраинето ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон .

Молам, кој бара збор?

Збор има Веле Митаноски, повелете.

**Веле Митаноски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници,

Претпоставувам дека не е вообичаено или барем не беше вообичаено во досегашната практика да се бара збор во прилики кога овој законодавен дом ратификува меѓународни спогодби, договори и други акти во билатералата и мултилатералата. Сепак сум мотивиран да се произнесам по Договорот што е предмет на денешната ратификација од неколку причини. Имено:

Сакам да потсетам и да ги афирмирам успешните форми на соработка што треба да биде нова практика во нашето делување, имено да не биде само рутина како до сега кога се ратификуваат вакви договори.

Да ги нагласам, да кажам, ѕвездените мигови на соработка токму со Хрватска во оваа област, како наши наредни патокази, да го нагласам заедничкото историско минато, актуелната сегашност , пред се соработката низ Јадранската група, но и предизвиците на иднината во заедничкиот пат кон Европската Унија и НАТО, особено сега, кога едната “птица од јатото” како некој да ја издвојува и тоа од страна на најсилните центри на политичка моќ во светот.

Да предложам нови форми на институционална соработка, а со тоа да дадам и скромен прилог кон образложението на Законот, што исто така, според мене, е рутинско, со надеж дека нема да ви прозвучам само ситно партиски, да афирмирам една од определбите во изборната програма на НСДП, да потсетам на улогата на нашите лидери, особено на последната, но и на претпоследната посета на претседателот Месиќ во контекст на сето ова што досега го говорев, а што господинот Месиќ токму овде, пред две недели, го дефинираше како “нова архитектура на односи”.

Дозволете оваа ратификација да биде прилог кон сето тоа, а заедниците на Македонците во Хрватска, односно на Хрватите во Македонија мост повеќе во блиските односи. И, дозволете, на крајот, да ја искористам првата можност за поздрав на последниот чин на пријателство-отворањето на Конзулатот во Битола.

Почитувани колеги,

Република Македонија и Република Хрватска со овој чин на востановување на правна рамка за унапредување на односите во туризмот, а во тој контекст и во културата и образованието, даваат свој прилог и кон заедничките европски вредности и стандарди. Тој заеднички пат во вградувањето на општите цивилизациски вредности, односно таа заедничка историја не почнува “од денес и од нас”, како што кажа господинот Месиќ овде, во Парламентот. Ако ги прашаме историчарите, тие ќе не вратат во времето на Дубровничката република, кога во Скопје, пред Пиколомини, имало, велат илјада кожарски дуќани кои соработувале со Дибровник, а духовните вредности на Охридската архиепископија се допирале со католицизмот кај Дубровник или уште понатаму, кај Истра. Дозволете ми да потсетам на соработката на Констатин Миладинов и бискупот Штросмајер уште од средината на 19-от век.

Се разбира, поводот не дава простор за пошироки елаборации. Но, ќе ми дозволите, сепак да ве потсетам на ѕвездените мигови во културната и туристичката соработка меѓу Македонија и Хрватска, што се од поново време и за што, најголемиот дел од нас сме живи сведоци. Имено, не е претерано ако кажам дека македонското угостителство и туризам учеше токму од хрватската туристичко-угостителска школа.

Имено, првите кадри во туризмот, па и гастрономијата, се школуваа во хрватските средни, виши школи и универзитети.

Јас сум од Охрид. Знам дека до отворањето на Средното угостителско училиште, некаде во 70-те години, сите кадри или најголемиот дел од нив, доаѓаа или од Загреб, од тогашната Виша хотилиерска школа, сега Хотелиерски факултет, или од Опатија-Хотелиерскиот факултет или од Риека-хотелиерскиот клон на тамошниот Универзитет.

Токму кадрите школувани во Хрватска, подоцна во еден од објектите, за жал денес руинираниот македонски првенец-хотелот Палас, ја формираа Вишата угостителско-туристичка школа, денес Факултет во рамките на Универзитетот “Св. Климент Охридски” во Битола. И денеска, ако охриѓани ви кажат “Палас”, бидете сигурни дека асоцијацијата ги води кон Раде Танески, најверојатно првиот македонски дипломец во Опатија или пак, ако кажете “Метропол” ќе мислат на Ацо Цицковски првиот дипломец во Риека. Би бил неправичен ако не го спомнам и првкот магистер по туризам, верувам во Македонија, Драган Слатинец долгогодишен прв човек на “Инекс-Горица” итн.

Ете каде може да се остваруваат постулатите од денес ратификуваниот договор. Охрид учеше, но и враќаше. Дозволете да ве потсетам дека Охридскиот автопревозник “Галеб”, на времето, во братксиот Винковци, од темел го создаде тамошното истородно претпријатие “Полет”, кое и ден денес, како заштитен знак го носи истиот симбол – охридскиот галеб.

Дозволете да ве потсетам на Хотелот “Македонија”, веднаш под медитеранскиот колос “Кроација”, во Цавтат. За жал, отиде во историјата како уште еден симбол на македонската криминална приватизација.

Заедно со идеите за комбинираните “морско-езерски”, некои велеа “морско-планински” летни одмори што не беа утопија туку практика во раните 80-ти години, кога со Охрид менаџираше еден Љубен Батковски и кога од Амстердам, преку “Хотел-План” еднаш седмично слетуваа авиони во Охрид и Дубровник.

Дозволете почитувани колеги да ве потсетам и на ѕвездените мигови во културната соработка. Уште, како што реков, од 1860 година, кога Констатин Миладинов и ѓаковечкиот бискуп Јосип Јурај Штросмајер во Загреб го издадоа Зборникот на македонски народни песни. На филмските, поетски или шлагерски фестивали, на

Дубровничките летни игри или Сплитско лето, едно време, речиси беше непишано правило Охридско лето и Дубровничките летни игри заеднички да ја планираат, да ссе надополнуваат и да разменуваат, барем третина од своите програми.

Почитуван претседателе,

Јас се ограничив само на Охрид. Но, Вам, посебно, како на еден од синонимите на македоско-хрватската културна соработка, ако добро сум ви ги изброил претставите, мислам дека имавте над 10-тина премиери таму и најверојатно сте еден од најприсутните режисери од странство во Хрватска. А секако и на колегите им е познато што значи еден Мацели да постави драмска престава во Охрид или во Драмски во Скопје. Или на Охридско лето. Три пати со Брехтовиот “Добар човек од Сечуан”, со “Црна дупка” на Стефановски или пак Еврипидовата “Електра”. Или пак Бранко Брезовец, Златко Свибен, Слобдан Шнајдер, Шербеџија, Надаревиќ, Шоваговиќ, Мирјана Фурлан. Загребските солисти Погорелиќ, Владимир Крпан. Театарот “Гавела” и Хрватското народно казалиште итн.

Дозволете на крајот, почитувани колеги да потсетам на улогата на локалните власти во унапредувањето на соработката. Како млад новинар, некаде во раните 70-ти години, во Охрид се одржуваше Конференција на тогашните градски татковци од македонските, односно хрватските-поточно јадранско-туристичките места и подрачја. Риека тогаш ја развиваше една дама, уште и професор на двата хотелиерски факултети од Свеучилиштето, во Рика и Факултетот во Опатија. Од наша страна беше еден Милчо Балевски, сега веќе покоен, еден од нашите, т.е. моите пријатели и учители во новинарството.

Тогаш се удираа темелите на таа соработка. Но, дозволете, на тие ѕвездени мигови да спротивставам една наша грда стварност. Двајца градоначалници се променија во Охрид откако шефот на Хрватската држава Месиќ среде Охрид и пред македонската јавност кажа дека лично ќе се заложи кај градоначалничката на Дубровник овие два града да се збратимат. Од тогаш поминаа повеќе од две години. Дали ние треба да чекаме во Охрид да се роди и израсне некоја Охридија како што е тоа Дубравка Шуица во Дубровник. Дали Месиќ и Дубравка ќе не чекаат до тогаш. Јас знам дека нашата актуелна Охридска локална власт има далеку полукративни цели и интереси отколку да развива културна и туристичка соработка. Меѓутоа, ако ја оставиме да продолжи вака, да го прави она што сега го прави со Охрид, се плашам дека до крајот на мандатот што го имаат толку ќе го обезличат што после тешко дека некој ќе посакува, онака како што тоа го чинеше господинот Месиќ, да се збратимуваме. Ако Охрид го сакаме онака како што го знаеме и посакуваме, овој дом, не во овој мандат, туку уште утре треба да почне со подготовка на посебен закон за Охрид. Но, за тоа повеќе во друга прилика.

Овој пат сакам само да ве потсетам на алармантните укажувања од УНЕСКО дека Охрид може брзо да го изгуби патронатниот статус кај оваа институција.

Последното предупредување дојде само пред неколку дена токму од Охрид од Конференцијата на министрите за култура од земјите на Пактот за стабилност Италија и УНЕСКО и тоа токму поради “проблемите во менаџирањето со градот и неисполнувањето на менаџерските планови”. Опомената е од вториот човек на УНЕСКО.

Затоа, почитувани, ќе завршам со поддршката на идеата односно на програмската определба на НСДП за институционална односно владино-ресорска поддршка на туризмот. Бидејќи Хрватска ја имам како репер, партнер или референца, ако сакате, дозвоелте да ве потсетам дека таму никоја влада не мисли да го развива туризмот без ресор на ниво на министерство. Можеби се разликуваме по потенцијалите и по ефектите, ние едвај стотина милиони, тие неколку милијарди долари. Но, сепак ние имаме компаративни предности во планскиот амбиентално селскиот, винскиот туризам и т.н.

Затоа предлагам да почнеме со агенција за туризам при Министерството за економија, а потоа искуството нека не учи што понатаму.

Дозволете да го афирмирам фактот што при ова Министерство во овој момент се подготвува стратегија за развој на туризмот.

НСДП во тоа име ќе ги стави на располагање своите најдобри кадри.

На крајот ви благодарам за вниманието и опростете ако поводот не е вообичаена рамка и прилика за ова што сакав јас денеска да го соопштам и да наметнам некаква идна практика. Сепак се одлучив да зборувам, воден од најновите случувања на Балканот и на меѓународен план, јас би рекол, поместувања што не и одат во прилог на Македонија, а доаѓаат, како што реков, од највлијателните политички центри на моќ, па и по прашањата што го тангираат заедничкиот македонско-хрватски пат кон Евроспката унија и НАТО.

Можеби сега кога ни стигна мислењето на Комисијата е вистинскиот момент да се проговори за овие прашања и теми.

Ви благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе, бидејќи законот се однесува за унапредување на туризмот и соработката со Хрватска е само еден начин за да се проговори за туризмот.

Јас морам да кажам неколку збора од името на ДОМ како партија. ДОМ беше првата партија која туризмот го воведе во политичката програма и навистина ми е многу мило кога слушам и кога

гледам дека и други колеги се заразиле, да речам, од истата идеа дека туризмот навистина може да биде силен замаец во стопанскиот развој на Македонија и се преземаат конкретни чекори во таа насока.

Меѓутоа, мислам дека нема да биде доволно само соработка со некои развиени земји, тоа е добро, секако го подржувам овој закон за ратификација на Спогодбата, меѓутоа, за туризмот нема да направиме ништо ако не направиме сосема конкретни чекори. Треба да се направи една долгорочна стратегија за развој на туризмот, а во неа треба да се поместат сосема конкретни точки. Тоа значи бенифиции за туристичките работници, тоа значи кредити за семејни бизниси и за отворање туристичка дејност, тоа значи воведување стандарди во туризмот, во туристичката понуда, тоа значи подобрување на инфраструктурата на објектите и на приодите кон туристичките објекти, туристичките локации, секако тоа значи посебни закони за регулирање на оваа сфера посебно во областа на туристичкото здружување, туристичката заедница.

Мислам дека се ова конкретни работи, впрочем ги имаме во предизборната програма на ДОМ и во програмата при нашето формирање така што со големо задоволство ќе ги споделам со сите колеги и од Собранието и од Владата кои се заинтересирани да работат на оваа тема.

Верувам дека туризмот има иднина во Македонија и верувам дека Македонија ќе има уште подобра иднина со туризмот.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавни за збор, го заклучувам претресот.

На Собраниеот му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска и за соработка во областа на туризмот.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Пет минути пауза да влезат пратениците во салата.

(Пауза од 16,41 до 16,46 часот).

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат и да си ги заземат своите места.

Ве молам седнете сите на своите места за да можеме да имаме контрола.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата има 63 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, од кои за 62, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, од кои за 62, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, од кои за 62, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на туризмот.

**Минуваме на точка 12- Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Европската Заедница и Република Македонија за некои аспекти на воздушниот сообраќај, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Европската Заедница и Република Македонија за некои аспекти на воздушниот сообраќај.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, од кои за 62, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, од кои за 61, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, од кои за 62, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата помеѓу Европската Заедница и Република Македонија за некои аспекти на воздушниот сообраќај.

**Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе,

Накратко при крајот на вашиот работен ден, се надевам, за да не одземам многу време, ќе кажам неколку поенти во врска со овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања.

Познато е дека со Законот за регистрирање на готовинските плаќања е воведена обврска даночните обврзници што вршат промет на добра и услуги за кои плаќањето не се извршува по банкарски пат односно се вршат готовински плаќања, да воведат и користат одобрен систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања и задолжително да издаваат документ-фискална сметка за извршениот промет односно за извршената услуга.

Познато е дека и покрај сите напори, сите преземени мерки и од Владата, која што имаше мандат до 2002 година и од претходната Влада, сеуште не е постигнато посакуваното ниво на дисциплина со користење на фискална апаратура и издавање фискални сметки.

Од тука, предлагаме воведување на поригорозни мерки за целосно спроведување на фискализацијата од страна на сите даночни обврзници што вршат промет на добра и услуги, согласно одредбите од Деловникот на Собранието на Република Македонија и предлагаме да се скрати рокот за донесување на овој закон. Значи се предлага и Предлог на закон.

Спроведувањето на овие мерки ќе резултира со образложеното решение, кое во сите случаи кога на купувачот на доброто односно на корисникот на услугата не му се издаде фискална сметка во моментот на плаќањето на доброто, односно на услугата, купувачот да нема обврска да ја плати цената на доброто односно цената на услугата. Ова е за заштита на купувачот, затоа што е познато дека според законските одредби, доколку купувачот биде легитимиран при излезот од трговскиот објект и нема фискална сметка за стоката односно услугата, тој подлежи на санкции според истиот овој закон.

Второ, со овој закон се регулират односно усогласуваат санкциите со новиот закон за прекршоци. Во таа смисла, висината на санкциите за сторен прекршок се зголемува за правните лица, за одговорните лица кај правните лица и за даночните обврзници физички лица.

Со усвојувањето на овие измени и дополнувања на законот за регистрирање на готовинските плаќања се надеваме и очекуваме дека ќе се зголеми фискалната дисциплина, ќе се намали даночната евазија и на Владата ќе и се овозможи да ги спроведе амбициозните реформи во областа на даночниот и вкупниот систем во Репулбика Македонија во наредната година.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави Соња Ѓелова - Стојанова.

Повелете.

**Соња Ѓелова - Стојанова:** Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Сакам да ја истакнам важноста на овој Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, со Предлог закон.

Врз основа на Програмата на ВМРО ДПМНЕ за целосна фискализација на правните субјекти низ целата територија на Репулбика Македонија, согласно Законот се предлагаат неколку измени и дополнувања на Законот за регистрирање на готовински плаќања, со Предлог закон. Во тој правец, со измените на текстот на законот се има за цел да се постигне нивото на ригорозноста на казнените мерки, како за самото правно лице, така и за сите физички лица вклучени во нефискализираната готовинска трансакција. Бидејќи на територијата на Репулбика Македонија еден огромен процент од вкупните трансакции се одвиваат по небанкарски пат, од исклучителна важност е што поекспедитивна фискализација, односно како што се предвидува во Програмата на ВМРО ДПМНЕ да се постигне целосна фискализација до 30.06.2007 година. Целта на овој Предлог се гледа во неколку цели и придобивки.

1. Да се постигне нивото на колективна свест кај граѓаните со цел взаемна партиципација и активно учество во спроведување на фискализацијата што се одсликува во член 1 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, односно ако на купувачот на доброто односно корисникот на услугата во моментот на предавањето и плаќањето на услугата не му се издаде фискална сметка, нема обврска да ја плати цената на доброто односно односно цената на услугата.

2. Да се максимизира опортунитетниот трошок од нефискализираното работење, односно народски

кажано казната да биде поголема од злосторот. Ваквата интенција се изнесува во член 3 став 2 од Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, односно санкција за мерката привремена забрана за вршење н а одделна дејност. Се зголемува од шест до една година и новата од една до три години. Исто така, се зголемува санкцијата кон физичките лица корисници на доброто или услугата кои не подигнале фискална сметка од досегашните илјада до пет илјади денари во член 23, на фиксни 100 евра во денарска противвредност. Додека во западноевропскtие земји казнените одредби и санкции се поригорозни, со што се одзема лиценцата на правното лице од траен карактер.

3. Да се постигне драстично зголемување на даночните приходи, зголемена евиденција на паричната маса, како и евиденција на нивото на стопанската активност во државата.

4. Да се нанесе тежок удар на сивата економија, односно да се загризе длабоко во тој огромен неоданочен колач.

5. Модернизација на трансакционите процеси како резултат на задолжителна фискална опрема, дефинирана во член 3 став 1 од Законот за регистрирање на готовински плаќања.

Упатувам апел на сите физички и правни лица да учествуваат во оваа имплементација на овој закон за целосна фискализација и за собирање данок на државата, со што ќе се помогне за економски раст и реформи во даночниот систем.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓата Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Процедурално, во името на пратеничката група на ЛДП, со оглед дека имаме партиски активности, а следуваат закони по кои имаме поднесено амандмани, тоа е Законот за стечај, Законот за трговија, Законот за фондации и да не ги набројувам понатаму, сметаме дека е добро да учествуваме во расправата и да можеме пред парламентарното мнозинство и секако опозицијата да ги браниме нашите амандмани, можеби ќе добиеме поддршка за некои од нив и токму поради тоа, со оглед дека искористивме пауза од 10 минути, барам пауза од 50 минути за нашите активности.

**Љубиша Георгиевски:** Ако воопшто сте тука, јас би ви предложил да учествувате да ја завршиме оваа точка, ќе биде многу брзо, брзо ќе завршиме и после ќе ја прекинеме седницата.

**Роза Топузова Каревска:** Значи оваа точка да ја завршиме - да, добро, може.

**Љубиша Георгиевски:** Зашто навистина е важна точката, точката 14 не би ја почнувал со отсуство на некоја пратеничка група.

**Роза Топузова Каревска:** Добро, ви благодарам на разбирањето, претседателе, ќе бидеме тука.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања.

Молам, службите да достават точен број на присутност на пратеници во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 63, воздржани и против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 61, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по Текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 64, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања.

Со оглед на настанатите околности, овде ќе ја прекинеме денес седницата.

Ќе продолжиме во понеделник во 11,00 часот, со 14-та точка.

Благодарам на вниманието.

(Седницата прекина во 17,05 часот)